**ОИЛКО КДА – СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ**
**Бр. 0201-39/8**
**18.5.2024 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членот 455, 456, 457, 460 и 460-а од Законот за трговските друштва и членот 22 од Договорот за командитно друштво со акции на ОИЛКО КДА-Скопје, Собранието на ОИЛКО КДА - Скопје на 19. седница одржана на 18.5.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување голема зделка со заинтересирана страна

## Член 1

Се одобрува голема зделка со заинтересирана страна ,,Макпетрол,, А.Д.-Скопје, и тоа:

**I. ,,Макпетрол,, А.Д.-Скопје како купувач на стоки и корисник на услуги:**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| 1. Транспортни услуги | 609.000.000 | Пазарни |
| 2. Закуп на транспортни средства | 35.000.000 | Пазарни |
| 3. Останати стоки и услуги | 5.000.000 | Пазарни |

**Вкупно : 649.000.000 денари**

Износот од **649.000.000 денари**, претставува **32.05%** од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува 2.025.113.701 денари.

**II.,,Макпетрол,, А.Д.-Скопје како продавач на стоки и давател на услуги:**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| 1. Гориво за возила | 170.000.000 | Пазарни |
| 2. Резерни делови и потрошен материјал | 20.000.000 | Пазарни |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Услуги преку Верна картички | 5.000.000 | Пазарни |
| 4. Останати стоки и услуги | 18.000.000 | Пазарни |

**Вкупно:** **213.000.000 денари**

Износот од **213.000.000** денари, претставува **10.52%** од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува 2.025.113.701 денари.

Вредностите на зделките се изразени во денари, без пресметан ДДВ.

Вкупната вредност на деловната соработка изнесува 862.000.000 денари, без пресметан ДДВ, што претставува **42.57%** од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува 2.025.113.701 денари.

**Член 2**

Се овластува Управителот на Друштвото, заради реализација на деловната соработка, опишана во членот 1 на оваа одлука, да склучи анекси кон веќе склучените договори или договори со важност за период од најмалку 12 месеци од денот на нивното склучување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на склучувањето на договорите и анексите од членот 2 на оваа одлука.

**Претседавач на Собрание,**

**Ерол Хасан**

Командитно друштво со акции за транспорт ОИЛКО КДА * СКОПЈЕ *